Центарот за еколошка демократија ФЛОРОЗОН од Скопје во соработка со Здружението за развој на ромската заедница СУМНАЛ од Скопје, во рамките на проектот „Развој на еколошко истражувачко новинарство“ поддржан од Европската Унија преку Инструментот за поддршка на граѓанското општество, Акција 2014 за градење на капацитети на граѓанските организации и слобода на медиумите објавуваат Europe Aid /136-992/DD/ACT/M.

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАЛИ ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ЕКОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЧКИ СТОРИИ

Краен рок за поднесување на апликации: 19.10.2016 година

# СОДРЖИНА


СОДРЖИНА....2

ЦЕЛ НА ПОВИКОТ....3

СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ АКЦИИ....3

КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО....5

КОНСУЛТАТИВЕН СОСТАНОК....5

НАЧИН И ПРОЦЕДУРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ....6

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ....7

ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА....7

ПОДДРШКА ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКТИВНОСТИТЕ....7

КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗБОР....7

АДМИНИСТРАТИВНО ТЕХНИЧКА ПРОВЕРКА:....7

БОДИРАЊЕ СОГЛАСНО КРИТЕРИУМИТЕ НА КОНКУРСОТ....8

РОКОВИ....9

ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОЈАСНУВАЊА....10

## ЦЕЛ НА ПОВИКОТ

Цел на повикот е да ги мотивира и поттикне еколошките граѓански организации да работат на развој на еколошко истражувачко новинарство.

Финансиската поддршка има за цел да ја поттикне соработката помеѓу еколошките граѓански организации, новинарите и медиумите да ги надградат сопствените капацитети и преку креираните партнерства и соработка да се интензивира процесот на развој на еколошкото истражувачко новинарство во Република Македонија.

Финансиските средства се наменети за планирање, подготовка, истражување, реализација и продукција на еколошките истражувачки стории.

## СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ АКЦИИ

Од заинтересираните граѓански организации се очекува да поднесат пријави во кои ќе ја образложат својата акција насочена кон развој на еколошка истражувачка сторија која пласирана преку различните медиуми ќе стигне до поширoката јавност и ќе поттикне на акција за промена на навиките , состојбите, дадени процеси во општеството поврзани со заштитата на животната средина и природата.

Еколошките истражувачки стории може да обработат различни теми од областа на животната средина (вода, воздух, почва) земајќи го предвид принципот „Загадувачот плаќа“, влијанието на еколошките катастрофи кон маргинализираните групи во општеството и други теми од областа на заштитата на животната средина и природата.

Предложените акции треба да се во насока на остварување на целите на проектот (Прилог 4)

<u>Предлог проектите треба да содржат акции кои:</u>

- го поттикнуваат развојот на еколошкото истражувачко новинарство;
- се иновативни еколошки истражувачки стории кои не се претходно објавувани и публикувани во медиумите;

- при обликувањето на еколошките истражувачки стории, сториите водат сметка за различните видови/ типови на публика и влијанието кое врз нив ќе го остварат;
- ќе влијаат врз општеството во однос на подигање на свеста или мобилизирање околу прашањата од областа на заштитата на животната средина и природата;
- ќе понудат иновативен пристап способен да предизвика ефект врз промена на ставовите на граѓаните;
- ќе ја зголемат свеста и потребата од квалитетно еколошко истражувачко новинарство како чувар инструмент за заштита на животната средина и природата, а воедно ќе ја потенцираат и улогата на професионалното и етичкото новинарство во печатените и во електронските медиуми.
- во еден дел еколошките истражувачки стории ќе влијаат врз јавните политики со креирање на предлог на решенија.

Промоцијата на конкретните проекти и истражувачки стории ќе биде овозможена преку веб порталите на проектот www.ekologist.mk, www.florozon.org.mk и други соработници во проектот.

Организациите кои ќе се пријават на Повикот, можат да предложат акции кои се спроведуваат во соработка со други регистрирани организации и/или неформални групи.

Во случај на еднаков број бодови предност ќе им се даде на организациите кои учествуваа со свои претставници на 4 работилници за градење на капацитети во рамките на проектот;

## КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО

Граѓанските организации може да учествуваат на конкурсот ако:

- се регистрирани и дејствуваат според Законот за здруженија и фондации на ниво на Република Македонија
- уредно и навремено ја доставаат потребната документација

На повикот не можат да бидат предложени акции кои се спроведуваат во рамките на тековни проекти на организациите финансирани од Европска Унија.

На повикот не е дозволено учество на политички партии, профитни организации и граѓански организации кои промовираат и користат насилство.

На повикот не може да учествуваат организации кои се корисници на грант од Делегацијата на ЕУ како координатор, ниту како партнер во рамките на Програмата на ИПА за поддршка на граѓанското општество и медиумите за 2014 година (IPA Civil Society Facility and Media Programme 2014)

## КОНСУЛТАТИВЕН СОСТАНОК

За заинтересираните кандидати, ФЛОРОЗОН во соработка со партнерската организација, на 28.09.2016 година (среда) во просториите на ФЛОРОЗОН во 11.00 часот ќе организира информативна сесија на која ќе бидат претставени целите на проектот „Развој на еколошко истражувачко новинарство“ условите за учество на конкурсот за доделување финансиска поддршка, процесот на селекција, и методологијата за спроведување на добиените грантови.

# НАЧИН И ПРОЦЕДУРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Пријавата треба да биде поднесена од една организација – **Носител на проектот** со која ќе биде потпишан договор за грант доколку предложената акција е избрана за финансирање.

Граѓанските организации аплицираат со пополнување на Образец за аплицирање (Прилог број 1), дизајниран специфично за потребите на проектот Развој на еколошко истражувачко новинарство.

Заедно со образецот за аплицирање се поднесува и Образецот за буџет на предлог проектот (Прилог број 2).

Кон овие два документи се доставуваат и:

1. Тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија – не постара од 6 месеци.
2. Биографии на работниот тим во Europass формат;
3. Биографија на организацијата (Мисија, визија, цели на организацијата претходно искуство на организацијата во сферата на ширење на информации од областа на животната средина и маргиналните групи, и влијание во заедницата преку постигнување на промени согледани преку листа на реализирани проекти;
4. Потпишан меморандум за соработка помеѓу граѓанската организација и медиум за потребите на повикот.

Обрасците треба да бидат пополнети електронски и испечатени на хартија, напишаните рачно нема да бидат земени предвид.

Целосните пријави во оригинална форма испечатени на хартија во три примероци со оригинален потпис на овластеното лице и печат треба да се достават по пошта или доставени „на рака“ во канцеларијата на ФЛОРОЗОН во Скопје на улица „Васил Ѓоргов“ број 11, 1000 Скопје со назнака: ЗА ПОВИКОТ ЗА ЕКОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЧКИ СТОРИИ најдоцна до 19.10. 2016 година (среда) до 16 часот.

Пријавите испратени по пошта ќе бидат земени предвид доколку се испратени во предвидениот рок за што ќе сведочи потврда за препорачана пратка или брза пошта.

Флорозон и партнерската организација Сумнал го задржуваат правото да побараат дополнителни информации за предлозите или за подносителите на пријавите за коишто сметаат дека се потребни за оценувањето.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ

Времетраењето на проектите е 3 месеци од денот на потпишување на договорите за финансиска поддршка.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Финансиската поддршка е во максимален износ од 4 500 ЕУР во денарска против вредност.

## ПОДДРШКА ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКТИВНОСТИТЕ

Техничка помош за грантистите ќе биде обезбедена преку непосредна комуникација и соработка во спроведувањето на активностите како и помош во финансиското и административно работење со цел да се обезбеди почитување на правилата и процедурите на ЕУ како и законската регулатива за административно финансиско работење на граѓанските организации.

Сите грантисти ќе имаат можност да комуницираат меѓу себе за време на реализирањето на активностите со цел размена на информации, искуства и научени лекции, дискусии на актуелни проблеми, можни начини за нивно надминување како и можностите за соработка во однос на решавање прашања од заеднички интерес.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗБОР

Предлог проектите ќе поминат низ две фази на оценување:административно техничка проверка и бодирање согласно критериумите на конкурсот.

### АДМИНИСТРАТИВНО ТЕХНИЧКА ПРОВЕРКА:

- Дали правниот субјект е граѓанска организација регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации на Република Македонија;
- Дали пријавата е поднесена во предвидениот рок;
- Дали образецот за пријавување и образецот за буџет се целосно пополнети;
- Дали документацијата е комплетна;
- Дали предложените активности се релевантни во однос на конкурсот преку читање на резимето на проектот.

Пријавите кои ќе ја поминат административно техничката проверка ќе бидат земени предвид за оценување согласно поставените критериуми.

## БОДИРАЊЕ СОГЛАСНО КРИТЕРИУМИТЕ НА КОНКУРСОТ

Предлог проектите ќе се оценуваат согласно следнава табела за бодување:

| **Критериуми** | **Опис** | **Бодови** |
|---|---|---|
| Посветеност на организацијата на темите од областа на животната средина и маргиналните групи | Мисијата, визијата и целите на организацијата се во насока на промоција и унапредување на заштитата на животната средина и маргиналните групи | 15 |
| Предложениот проект и изборот на темата се релевантни во однос на целите јавниот повик | Акцијата предвидува креативен и рационален технички пристап кој придонесува кон остварување на целите и приоритетите на повикот, придонесува кон општата цел на проектот и ја унапредува состојбата во сферата на еколошкото истражувачко новинарство, слободата на изразување и интегритетот на медиумите | 20 |
| Инклузивност | Сеопфатност на предложената акција. Акцијата ја унапредува родовата рамноправност, положбата на ранливите групи, припадници на различни социјални слоеви, особено на маргинализирани општествени групи.<br>. | 10 |
| Оригиналност на темата која е предмет на обработка | Активностите се оргиналнни и се однесуваат на специфични случаи базирани на резултати и докази преку работа на терен | 20 |
| Локални партнерства (вмрежување) | Акцијата се спроведува во соработка со медиум друга локална организација или неформална група, со која постои заеднички интерес | 5 |
| Експертиза | Претходно искуство на организацијата во сферата на ширење на информации од областа на животната средина и маргиналните групи, развој на еколошко новинарство и еколошко истражувачко новинарство и соработка со медиумите | 5 |
| Кредибилитет и капацитет | Досегашни достигнувања и влијание во заедницата преку постигнување на промени согледани преку реализирани проекти; | 10 |
| Буџет | Ефективност, ефикасност и рационалност на буџетот во однос на предложените активности | 15 |
| **Вкупно** | | **100** |

Согласно освоените поени ќе биде направена ранг листа со известување кои предлог проекти ќе бидат земени предвид за финансирање.

По времето дадено за приговор, ќе се пристапи кон комуникација со добитниците на грантови и прелиминарни преговори за склучување на договор за спроведување на проектите.

## РОКОВИ

Индикативна временска рамка

| | |
|---|---|
| Објавување на конкурсот | 19.09.2016 (понеделник) |
| Информативна средба за заинтересираните организации | 28.09.2016 година (среда) |
| Краен рок за поднесување на пријави | 19.10.2016 до 16.00 часот (среда) |
| Краен рок за објавување на резултатите од оценката на пријавите | 24.10.2016 година (понеделник) |
| Потпишување на договори со избраните организации | 01.11.2016 година (вторник) |
| Краен рок за спроведување на проектите и доставување на извештаи | 31.01.2017 година (вторник) |

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОЈАСНУВАЊА

Грантот ќе се додели во денарска противвредност на банкарска сметка на организацијата носител. Предложениот буџет не смее да го надмине максималниот износ, ниту пак да биде помал од минималниот износ.

Организацијата - Носител ќе биде единствено одговорна за реализацијата на активностите и плаќањата согласно буџетот на акцијата.

За организациите кои ќе бидат избрани и партнерските организации ќе биде организирана средба за појаснување на правата и обврските кои произлегуваат од доделувањето на финансиската поддршка и за до прецизирање на буџетот.

Сите организации кои се пријавиле ќе бидат писмено известени за резултатите од Повикот.

Доколку имате дополнителни прашања или потреба од појаснувања ве молиме да ни се обратите до 06.10.2016 година на следната електронска адреса: contact@florozon.org.mk

Крајниот рок за поднесување на пријавите е 19.10.2016 година, до 16 часот.